ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ
Бр. 04-966/1
28.10 2021 год.
ПРИЛЕП

Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" број 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16, 142/16, 67/17, 125/17, 35/18, 99/18, 140/18, 208/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 98/19, 42/20 и 74/21), а согласно Решението за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје („Службен весник на Република Северна Македонија" број 185/2021 од 06.08.2021 година), Директорот на ЈП за ПУП Прилеп, го донесе следното:

Р Е Ш Е Н И Е
за прекин на мирување на постапката за вработување по јавниот оглас бр.1/2021

1. СЕ ПРЕКИНУВА МИРУВАЊЕТО на започнатата постапка за вработување на даватели на јавни услуги по јавниот оглас бр.1/2021 со арх.број 03-625/1 од 03.08.2021 година објавен од страна на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп на 04.08.2021 год.

2. Постапката продолжува да тече со состојба на ден 06.08.2021 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

О б р а з л о ж е н и е

На ден 06.08.2021 година Собранието на Република Северна Македонија донесе Решение за распишување на избори за членови на советите на општините и Советот на градот Скопје и за градоначалници на општините и за градоначалник на градот Скопје бр.09-3732/1. Врз основа на член 8-а став (1) алинеја 4 од Изборниот законик започнатата постапка за вработување на даватели на јавни услуги по јавниот оглас бр.1/2021 со арх.број 03-625/1 од 03.08.2021 година објавен од страна на ЈП за просторни и урбанистички планови Прилеп на 04.08.2021 год., беше ставена во мирување. На ден 28.10.2021 година на конститутивна седница на Советот на Општина Прилеп се верифицира мандатот на новоизбраниот градоначалник и на новоизбраните членови на Советот на Општина Прилеп.

Од тие причини се одлучи како во диспозитивот на решението.

Доставено до:
-архива
-комисија за селекција за вработување

Д И Р Е К Т О Р
на ЈП за ПУП Прилеп
Илија Иваноски

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ПРОСТОРНИ И УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ 1 ЈП ПУП Прилеп